РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-41/2
27-07-2021

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 50-тата седница одржана на ден 21.07.2021 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ______________, поднесен по избор на функција претседател на Основниот суд ______________, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-1288/1 од 22.02.2020 година.

Предметот со број 08-1288/1 од 22.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### *Образложение*

Предметот број 08-1288/1 од 22.02.2020 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2020 година.

Во согласност со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2020 година, ДКСК оформи предмет за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ______________, поднесен по избор на функцијата претседател на Основниот суд ______________.

ДКСК, од увидот во својата евиденција констатира дека ____________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата претседател на Основниот суд ____________ не поднела анкетен лист до ДКСК. Исто така, именуваната не поднела анкетен лист и изјава за интереси ниту во законски предвидениот рок по избор на функцијата ВД претседател на Основниот суд ________________.

Тргнувајќи од наведеното, ДКСК на именуваната и издаде прекршочен платен налог број 08-1288/15 од 22.12.2020 година и Прекршочен платен налог број 08-1288/17 од 22.12.2020 година.

Од страна на именуваната е постапено по прекршочните платни налоги, односно платена е половина од глобата утврдена со истите.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба, за имотот на _______________ и за имотот на членовите на нејзиното семејство прибави податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од надлежните институции и нивниото споредување со податоците од анкетниот лист на _______________, поднесен по избор на функцијата Претседател на Основниот суд _______________, констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горе наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок на ДКСК:
Изготвил: А.Ч, рак.на одделение
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**